# Математичка Приказна

## КАКО БРОИ ЗОКИ ПОКИ

Почна Зоки да учи да брои. Мајка му му покажа кои се броевите до десет, а тој ги повторуваше цел ден и мислеше дека ги научил.

Сестра му Елена решаваше задачи и се потсмевнуваше на неговото броење. Размислуваше и се прашуваше за колку е поголем збирот на парните броеви од првата десетка од збирот на непарните броеви од истата десетка.

Попладнето кога татко му се врати од работа на Зоки и на Елена им донесе по едно ќесе со карамели. Елена го отвори кесето и ги преброи карамелите. Потоа ги стави карамелите во две кутии. Ако од левата кутија префрли 5 карамели во десната, тогаш во двете кутии ќе има по 8 карамели. Колку карамели повеќе имало во левата кутија?

- А, тато, знаеш ли дека Зоки знае да брои? - праша Елена. - Денес научи да брои до десет.

- Ајде да видам! - рече таткото. - Нека ги изброи карамелите што му ги донесов.

- О, па тоа е лесно! - рече Зоки и го отвори кесето со карамели.

- Една карамела - рече Зоки и оддели една карамела настрана.

- Две карамели... Три карамели... - застана Зоки и ги подреди карамелите на масата. Една карамела стави пред две, една зад две, а една стави меѓу две... Колку карамели има на масата? Обој ги карамелите што ги подредил Зоки.



Зоки не можеше да се сети кој број е нареден и ја погледна мајка си збунето, а таа му помогна:

- Че... че...

- Четири! - се сети Зоки. - Четириии! Ха, знаев јас! - извика радосно.

- Ајде понатаму! - рече татко му.

Зоки подзастана и несигурно погледна во мајка си.

- Пе ... пе... - го потсети таа, а тој гледаше во неа за да погоди што му кажува.

- Пе...? - зачудено праша Зоки. - Ааааа, пет! Пет! - се досети и извика.

Сестра му Елена се замеша:

- Еве, и јас решавам задачи со пет. Погледни, треба да го ставам знакот на математичката операција:

5 ◯ 5 ◯ 5 = 5        5 ◯ 5 ◯ 5 = 30

5 ◯ 5 ◯ 5 = 6        5 ◯ 5 ◯ 5 = 20

Зоки ѕирна во тетратката на Елена, но ништо не разбра.

- Ајде понатаму Зоки - рече татко му. - Број ги карамелите.

Но, Зоки ја вртеше карамелата во рацете, гледаше во мајка си и не можеше да се сети кој број доаѓа по пет. Одеднаш, ја одвитка карамелата и ја стави в уста.

- Оваа не е за броење! Не чини! - рече тој.

Татко му, мајка му и сестра му се погледнаа и се потсмевнаа. Останатите карамели ги подреди во три купчиња така што во секое имаше различен број карамели. По колку карамели има во секое купче?

- И оваа не чини! - Зоки ја одвитка и следната карамела. - А, бе, тато, па какви карамели си ми донел?

- А и другите карамели не чинат и не се за броење? - праша татко му. - Чекај прво да ги пробам - рече Зоки - а потоа ќе кажам дали се за броење.

И една по една, Зоки ги става карамелите в уста.

Најпосле, зачудено извика:

- О, па нема повеќе карамели за броење!

м-р Душанка Панкова

